# Глобална Прослава на Молитва — 2024 година

**Славење**—Бог е голем: главен, истакнат над другите, значително супериорен по карактер и квалитет; извонреден по големина, степен, моќност, сила, мерка

„Твоја е, ГОСПОДИ, величината, силата, славата, сјајот и величеството, зашто е Твое сѐ што е на небото и на земјата; Твое е, ГОСПОДИ, царството, и Ти си возвишен над сѐ, Главатар на сѐ!“ **1 Летописи 29:11 МКВ**

„Боже мој, ГОСПОДИ. Ти почна да му ги покажуваш на својот слуга Своето величество и Својата сила. Па кој бог, на небото или на земјата, може да направи такви дела и чудеса какви што се Твоите!“ **Второзаконие 3:24 МКВ**

„Господ е велик и достоен за секоја пофалба, Неговата величина е недостижна!“ **Псалм 145:3 МКВ**

„Се молам да ги избистри очите на вашето срце, за да знаете каква е надежта на Неговото повикување, колкаво е богатството на Неговото славно наследство во светите, и колку е преголема Неговата сила кон нас, кои веруваме - според дејствувањето на Неговата моќна сила; чие дејство го покажа во Христа, кога Го воскресна од мртвите и Го постави оддесно на Себеси во небесните места“. **Ефесјаните 1:18-20 МКВ**

**Исповедање**—„Помилуј ме, Боже, поради големата Твоја милост, и заради големата Твоја добрина избриши ги беззаконијата мои.“ **Псалм 51:1 МК2006**

**Благодарење**—„Заради Својот збор и според Своето срце го направи сето ова големо дело, откривајќи ги сите овие величествености на слугата Твој да познае. Затоа велик си ГОСПОДИ Боже; нема таков каков што си Ти, и нема Бог освен Тебе, според сѐ што чувме со своите уши.“ **2 Самоилова 7:21-22 МКВ**

## Застапување:

### Нашите деца

„Нека _____ воскресне смело во силата Господова и нека душата на _____ и сето она што таа е, објавуваат за величината Господова! Нека _____ и кажува на генерацијата што доаѓа за славата на ГОСПОДА, Неговата сила и Неговите чудесни дела што ги направи.“ **(од Псалм 138:3, Лука 1:46, Псалм 78:4б МКВ)**

### За изгубените

„Зашто, ако со твојата уста исповедаш, дека Исус е Господ и ако во твоето срце поверуваш, дека Бог Го воскреснал од мртвите, ќе бидеш спасен.“ **Римјаните 10:9 МКВ**

### Учениците

„Но Тој ги избави заради Своето Име, за да ја покажеш Својата сила.“ **Псалм 106:8 МКВ**

### Наставниците

„Од Тебе се богатсвото и славата, Ти владееш над сите, во Твојата рака се силата и моќта, во Твојата власт е да направиш големо и силно сѐ.“ **1 Летописи 29:12 МКВ**

### Училиштата

„Ќе го покажам Моето величие и Мојата светост и ќе се појавам пред очите на многу народи – и тие ќе познаат дека Јас сум ГОСПОД.“ **Езекиел 38:23 МК2006**

### Мајки во молитва

„Добар е Господ спрема сите, и Неговите милости се во сите Негови дела. Нека Те прославуваат, ГОСПОДИ, сите Твои дела, и нека Те благословуваат светиите Твои, и нека ја проповедаат славата на Твоето царство, а да прикажуваат и за силата Твоја. За да им се кажува на синовите човечки, за Твојата сила и за велелепната слава на Твоето царство.“ **Псалм 145:9-12 МК2006**

Moms in Prayer INTERNATIONAL™